**Триглав Осигурување АД**
Бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување на градежни објекти и опрема на договорена нова вредност

УС-днв
12-1-мк

## член 1

[1] Овие посебни услови можат да се користат во случаите кога:
1) се осигуруваат сите предмети кои можат да бидат предмет на осигурување од пожар и осигурување на машини од кршење, како и осигурување на компјутери;
2) кај осигуреникот постои евиденција за вредноста на сите осигурени предмети.

## член 2

[1] По овие посебни услови се осигурени предмети, односно средства на договорена нова вредност, но најмногу до сумата на осигурување која за секој поединечен предмет ја одредил и ја договорил договорувачот на осигурувањето.

[2] На договорена нова вредност може да се осигурат предмети чија изгубена вредност поради абење, старост, економска и техничка застареност (амортизација) во просек не надминува 40% од нивната нова вредност.

[3] Договорената нова вредност на осигурените предмети, односно средства се валоризира со индексот на трошоци за живот во Република Македонија во тековната осигурителна година до денот на ликвидација на штета.

## член 3

[1] За осигурувањата за кои се користат овие посебни услови се користат и општите услови кои се наведени во полисата, доколку не се во спротивност со овие услови.

[2] Кога ќе настане осигурен случај, осигурувачот за секој оштетен или уништен предмет, односно средство исплаќа соодветен надомест од осигурување кој се одредува врз основа на член 2 од овие посебни услови и општите услови кои се наведени во полисата. Без оглед на тоа, при пресметка на штета кај осигурување на машини од кршење и осигурување на компјутери се применуваат одредбите од став 5 на член 5 од општите услови кои се наведени во полисата.

## член 4

[1] Во текот на годината, изградените објекти, извршените адаптации и извршените доградби, како и монтираната или набавената опрема (нова инвестиција) се опфатени со осигурување и за нив важи сумата на осигурување која е еднаква на новата вредност на тие предмети, но е ограничена со книговодствената новонабавна вредност за секој поединечен предмет.

[2] Новите инвестиции, чија вредност надминува 10% од вредноста на останатите осигурени предмети на истата локација, договорувачот на осигурувањето мора да ги пријави кај осигурувачот на денот на преземањето. Ако не е поинаку договорено, тие предмети се осигурени со суми на осигурување кои се одредени на начин кој веќе се применува за останатите осигурени предмети, а кои пак се ограничени со книговодствена набавна вредност за секој поединечен предмет.

[3] Предметите наведени во став 1 и 2 од овој член, кои се изградени или набавени во претходните осигурителни години и не се внесени во евиденцијата на вредности на осигурените предмети се осигурени само ако тоа е посебно договорено.

## член 5

[1] За осигурувањата за кои се применуваат овие посебни услови, премијата за осигурување се пресметува два пати годишно и тоа како аконтација на почетокот од осигурителната година, а како пресметка на истекот на тековната осигурителна година.

[2] Аконтацијата на премијата за осигурување се пресметува со примена на соодветни премиски стапки од основата за пресметка на премијата за осигурување, која е еднаква на договорената вкупна сума на осигурување.

[3] Пресметката на премијата за осигурување се врши по истекот на тековната осигурителна година само за ново набавените односно отуѓени предмети. На разликата помеѓу вкупните суми на осигурување на крајот и на почетокот од осигурителната година се применува соодветна премиска стапка, намалена за половина.
Во зависност од тоа дали разликата на сумата на осигурување е позитивна или негативна, осигуреникот мора да доплати премија за осигурување или премијата му се враќа. Меѓутоа, ова не важи за целосни стопански капацитети (нови погони и слично), кои осигурениците ги стекнуваат во текот на годината. Во тој случај премијата за осигурување се пресметува според принципот „pro-rata temporis“ од денот на стекнување до крајот на осигурителната година.
Пресметката се извршува само ако разликата на сумата на осигурување надминува (+ или -) 10%.

## член 6

По настанување на осигурениот случај, осигуреникот е должен да му ги стави на осигурувачот на располагање вредностите од процената на осигурените предмети, кои биле основа за одредување на сумата на осигурување на договорената нова вредност.

## член 7

Осигуреникот мора да го употреби надоместокот од осигурување, кој го примил од осигурувачот, за поправка на штетите на предметите кои биле оштетени или уништени.